Bundesministerium
Inneres

Bundeskriminalamt

## Сојузната криминалистичка служба предупредува на криумчарски банди

# Безбедносни упатства за возачи на товарни возила

Меѓународниот товарен транспорт станува сè почесто злоупотребуван од страна на криумчарски банди и мигранти, за да стигнат илегално до посакуваните европски дестинации. Илегалните мигранти најчесто влегуваат во товарниот простор со помош на криумчари. Ова се случува со

- пресекување и повторно прицврстување на врвките од царинските пломби и
- пресекување на церадите, најчесто од горната страна.

На ист начин, и мигрантите што патуваат без криумчари ја користат можноста да бидат превезени во камиони, шлепери и други транспортни возила. Притоа, влегуваат не само така што ќе ја оштетат церадата, туку користат секакви шуплини на возилото или приколката за да се скријат при преминот на границата.

## Запазете ги следниве безбедносни правила ...

### ... пред поаѓање

- При преземањето, проверете дали има неправилности кај возилото и товарот.
- Товарете го товарот без меѓупростори.
- Внимавајте на промените или оштетувањата на церадата, особено на горниот дел.
- Проверете ја комплетната царинска врвка и ставените пломби во смисла на манипулирање.

### ... при паузи и паркирање

- Ако тоа го дозволува времето за пауза, не паркирајте во близина на граница и паркирајте само на добро осветлени паркинзи.
- Избегнувајте непотребни паркирања долж трасата.
- Кога чекате на граница, внимавајте на движењата во близина на вашето возило.
- По секоја пауза, проверете ги одново царинската врвка, пломбата, церадата и бравите во смисла на оштетувања. Повлечете ја цврсто царинската врвка, зашто може да биде залепена по пресекувањето.
- Проверете ги и шуплините под возилото, спојлерите за ветер, кутиите за складирање, оските и преградите за багаж.

### ... при сомнителни ситуации

- Погрижете се првин за себе.
- Во ниеден случај не бранете го возилото.
- Оддалечете се и јавете се на меѓународниот број за итни случаи 112.
- • Ако забележите нешто сомнително, во секое време може да се обратите до Сојузната криминалистичка служба преку директна телефонска линија +43 677 61343434.

## Можни скривалишта

